# ОТПОВИКУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ИМОТ ЗА ВРЕМЕ НА ЖИВОТ

**Скопје, 09.11.2021 г.**

**Предавач:**
**Адвокат Марија Кокароска**

# Поим и значење на договорот

Договорот за отстапување на имот за време на живот може да се дефинира како повеќестран договор склучен помеѓу предокот и неговите деца и другите негови потомци ,кои според законот можат да бидат повикани за наследници на целиот негов имот или на дел од имотот во моментот на склучувањето на договорот.

Со договорот за отстапување на имот за време на живот ,отстапувачот се обврзува да им го отстапи целиот свој имот или дел од имотот на потомците.

# ПРАВЕН КАРАКТЕР НА ДОГОВОРОТ

**ДАРОВНО ПРАВНО ДЕЛО-кога отстапувачот не бара ништо за возврат од потомците**

**МЕШОВИТО ПРАВНО ДЕЛО-кога се договорени одредени несразмерни давања**

**ТОВАРНО И АЛЕАТОРНО ПРАВНО ДЕЛО-кога отстапувачот договорил договор за доживотна издршка**

# ЗНАЧЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Целата и значењето на Договорот за отстапување на имот за време на живот се состои во постигнување на две работи:

- Да се постигне **имотот на отстапувачот да дојде во поспособни раце** кои се во состојба со него подобро да управуваат
- **Да се избегнат можните судири** што обично се појавуваат меѓу наследниците по смртта на отстапувачот

# УСЛОВИ ЗА ПОЛНОВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

1) Отстапувањето и распоредувањето на имотот е полноважно единствено ако со тоа се согласиле сите потомци и брачниот другар на оставителот кои според законот ќе бидат повикани да ја наследат неговата оставина.
2) Договорот за отстапување на имот за време на живот мора да биде составен во писмена форма и заверен од надлежен суд или нотар.
3) При завреката судијата односно нотарот ќе го прочита договорот и ќе ги предупреди договарачите на последиците од него.
4) Ако некој потомок не дал согласност ,тој може да ја даде дополнително во иста форма.
5) Отстапувањето останува полноважно,ако потомокот што не се согласил умрел пред отстапителот,а не оставил свои потомци,или се откажал од наследство или е исклучен од наследство или е недостоен за наследување.

# Претпоставки за полноважност на договорот

## Материјалноправни претпоставки за полноважност на договорот

- **Како договорни страни да се појават исклучиво предокот-отстапувачот и неговите деца и другите потомци како и неговиот брачен другар**
- **Со ваквиот начин на отстапување и рспределба да се согласат сите деца и другите потомци кои според законот би биле повикани да ја наследат неговата оставина.**

Ако не бидат исполнети материјално правните претпоставки договорот за отстапување на имот ќе добие карактер на договор за дар.

## Формалноправни претпоставки за полноважност на договорот

- **Договорот да биде склучен во писмена форма**
- **Договорот да биде заверен од надлежен суд или нотар**

Ако не бидат исполнети формалноправните претпоставки договорот ќе биде ништовен

# СУБЈЕКТИ НА ДОГОВОРОТ

Субјектите на овој договор однапред се определени со закон

| | |
|---|---|
| **Предокот-**отстапителот како отстапувач на имотот | **Примателите на отстапениот имот**-сите негови деца-потомци кои според законот ќе бидат повикани да ја наследат неговата оставина и **евентуално брачниот другар на отстапувачот** |

# ПРЕДМЕТ НА ОТСТАПУВАЊЕТО

1) Со отстапувањето може да биде опфатен само постоечкиот имот на отстапителот.

2) Ништовна е одредбата на договорот со која се предвидува како ќе се распределат добрата што ќе бидат дополнително најдени во оставината на отстапителот.

# Форма на договорот

Договорот за отстапување на имот за време на живот е **СТРОГО ФОРМАЛЕН ДОГОВОР**,кој мора да биде составен во ПИСМЕНА ФОРМА И ЗАВЕРЕН ОД НАДЛЕЖЕН СУД ИЛИ НОТАР.

Пред заврека на договорот судијата односно нотарот се должни на

на договорните страни да им го прочитаат договорот и договарачите да ги предупредат на последиците од вака склучениот договор.

# *С у д с к а   п р а к с а*

- *Усниот договор за отстапување и распределба на имотот од страна на предокот не произведува правно дејство и не може да се конвалидира ниту во случај кога е во поголем дел извршен.*
  - *Одлука на Врховен суд на Србија Рев.1030/01 од 16.05.2001 г.*

- *Купувањето и продавањето што се привидно договорени немаат правна важност на договор со кој предокот им го распределува имотот на своите потомци,поради тоа што договор од тој вид мора да биде заверен од страна на судијата и со него мора да се согласат сите деца односно потомците на предокот.*
  - *Одлука на Врховен суд на Словенија ГЖ-5004/82*

# ПРАВНО ДЕЈСТВО НА ДОГОВОРОТ

## 1.

## НАСЛЕДНО ПРАВНО ДЕЈСТВО НА ДОГОВОРОТ

- -ДОГОВОРОТ ЌЕ ПРОИЗВЕДЕ НАСЛЕДНОПРАВНО ДЕЈСТВО САМО АКО СО РАСПРЕДЕЛБАТА СЕ СОГЛАСИЛЕ СИТЕ ДЕЦА И ДРУГИТЕ ПОТОМЦИ НА ОТСТАПУВАЧОТ,КОИ СПОРЕД ЗАКОН БИ БИЛЕ ПОВИКАНИ ДА ЈА НАСЛЕДАТ ОСТАВИНАТА ПО НЕГОВАТА СМРТ.
- -ОСТАВИНАТА ВО ВАКОВ СЛУЧАЈ ЌЕ ЈА СОЧИНУВААТ САМО ОНИЕ ДОБРА НА ОТСТАПУВАЧОТ КОИ ШТО НЕ БИЛЕ ОПФАТЕНИ СО ДОГОВОРОТ ЗА ОТСТАПУВАЊЕ,КАКО И ОНОЈ ИМОТ КОЈ ОТСТАПУВАЧОТ ГО СТЕКНАЛ ДОПОЛНИТЕЛНО ПО СКЛУЧУВАЊЕТО НА ДОГОВОРОТ.
- -ПОТОМЦИТЕ МЕЃУ КОИ ОТСТАПУВАЧОТ ГО РАСПРЕДЕЛИЛ ИМОТ СО ДОГОВОРОТ,НЕ ОДГОВАРААТ ЗА ДОЛГОВИТЕ НА ОТСТАПУВАЧОТ,АКО ПОИНАКУ НЕ Е ПРЕДВИДЕНО СО САМИОТ ДОГОВОР.

# 2.

# КОГА ОТСТАПЕНИТЕ ДЕЛОВИ СЕ СМЕТААТ КАКО ПОДАРОК

- АКО СО ОТСТАПУВАЊЕТО НЕ СЕ СОГЛАСИ НЕКОЈ НАСЛЕДНИК ТОГАШ ДЕЛОВИТЕ ОД ИМОТОТ ШТО СЕ ОТСТАПЕНИ НА ДРУГИТЕ НАСЛЕДНИЦИ СЕ СМЕТААТ КАКО ПОДАРОЦИ ДАДЕНИ НА НАСЛЕДНИЦИТЕ.

- НА ИСТ НАЧИН ЌЕ СЕ ПОСТАПИ И АКО ОТСТАПИТЕЛОТ ПО ОТСТАПУВАЊЕТО МУ СЕ РОДИ ДЕТЕ ИЛИ СЕ ПОЈАВИ НАСЛЕДНИК ШТО БИЛ ПРОГЛАСЕН ЗА УМРЕН.

# 3. ЗАДРЖУВАЊЕ НА ПРАВАТА

- ПРИ ОТСТАПУВАЊЕТО СУДОТ ОДНОСНО НОТАРОТ ЌЕ ГО ПОУЧИ ОТСТАПИТЕЛОТ ДЕКА МОЖЕ ЗА СЕБЕ ИЛИ ЗА СВОЈОТ БРАЧЕН ДРУГАР ,ИЛИ ЗА СЕБЕ И ЗА СВОЈОТ БРАЧЕН ДРУГАР ,ИЛИ ЗА НЕКОЕ ДРУГО ЛИЦЕ ДА ГО ЗАДРЖИ ПРАВОТО НА ПЛОДОУЖИВАЊЕ НА СИТЕ ОТСТАПЕНИ ДОБРА ИЛИ НА НЕКОИ ОД НИВ ,ИЛИ ДА ДОГОВОРИ ДОЖИВОТНА РЕНТА ВО НАТУРА ИЛИ ВО ПАРИ ИЛИ ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА ,ИЛИ НЕКОЈ ДРУГ НАДОМЕСТОК.

- АКО ПЛОДОУЖИВАЊЕТО ИЛИ ДОЖИВОТНАТА РЕНТА СЕ ДОГОВОРЕНИ ЗА ОТСТАПИТЕЛОТ И ЗА НЕГОВИОТ БРАЧЕН ДРУГАР ЗАЕДНО,ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА ЕДНИОТ ОД НИВ ПЛОДОУЖИВАЊЕТО И РЕНТАТА МУ ПРИПАЃААТ ВО ЦЕЛОСТ НА ДРУГИОТ БРАЧЕН ДРУГАР ДО НЕГОВАТА СМРТ ,АКО НЕ Е НЕШТО ДРУГО ДОГОВОРЕНО ,ИЛИ АКО НЕШТО ДРУГО НЕ ПРОИЗЛЕГУВА ОД СЛУЧАЈОТ.

- Ако отстапителот го задржал правото на плодоуживање ,плодоуживањето може да се однесува само на имотот предмет на отстапувањето,а послужната ствар може да биде подвижна или недвижна.

  - *Доколку се работи за право на плодоуживање врз недвижност,правото на плодоуживање покрај заверката на договорот во судот или пред нотар,мора да биде запишано во јавните книги на катастарот на недвижности.*

  - *Доколку се работи за право на плодоуживање врз подвижна ствар,ова право се стекнува со склучување на договор и со предавање на ствапта на плодоуживање.*

- Доколку е договорена доживотна рента во натура или пари,во тој случај се применуваат одредбите од чл.236 од ЗСДСП со кои е регулиран реалниот товар,според кој реалните товари се определени давања и чинења што во корист на определена недвужност или лице треба сукцесивно да ги врши постоечкиот сопственик на определена недвижност(оптоварена недвижност),на товар на таа недвижност.

- Кога плодоуживањето или доживотната рента се договорени и во корист на брачниот другар на отстапителот ,во тој случај велиме дека се работи за договор во корист на трето лице.Во секој случај правото на третото лице,односно на брачниот другар на отстапителот треба да биде запишано во јавните книги согласно ЗСДСП.
- Според судската пракса отстапителот кој за себе и за својот брачен другар при склучувањето на договорот не го задржал правото на плодоуживање или доживотна рента ,по склучувањето на договорот останувал незгрижен до својата смрт ,односно до смртта на својот брачен другар.

# 4.
# ПРАВА НА БРАЧНИОТ ДРУГАР НА ОТСТАПИТЕЛОТ

- **ОТСТАПИТЕЛОТ СО ОТСТАПУВАЊЕТО МОЖЕ ДА ГО ОПФАТИ И СВОЈОТ БРАЧЕН ДРУГАР ВО КОЈ СЛУЧАЈ Е ПОТРЕБНА И НЕГОВА СОГЛАСНОСТ .**

- **АКО БРАЧНИОТ ДРУГАР НЕ БИДЕ ОПФАТЕН,НЕГОВОТО ПРАВО НА НУЖЕН ДЕЛ ОСТАНУВА.**

- **ВО ТОЈ СЛУЧАЈ ,ОТСТАПУВАЊЕТО ОСТАНУВА ПОЛНОВАЖНО ,НО ПРИ УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА ОСТАВИНАТА ЗАРАДИ ОПРЕДЕЛУВАЊЕ И НАМИРУВАЊЕ НА НУЖНИОТ ДЕЛ НА НАДЖИВЕАНИОТ БРАЧЕН ДРУГАР ,ДЕЛОВИТЕ НА ИМОТОТ НА ОСТАВИТЕЛОТ ШТО ИМ СЕ ОТСТАПЕНИ НА НЕГОВИТЕ ПОТОМЦИ СЕ СМЕТААТ КАКО ПОДАРОК.**

- Опфаќањето на брачниот другар на отстапителот во овој договор за отстапување на имот за време на живот може да биде такво што брачниот другар може да добие нешто од распределениот имот ,а може и да не добие ништо со тоа што неговиот потпис ќе означува согласување со договорот за отстапување на имот за време на живот.

- Брачниот другар има право на нужен дел онака како што тоа е регулирано со одредбите од чл.30 до чл.34 од Законот за наследување.

## 5. РАСКИНУВАЊЕ И ОТПОВИКУВАЊЕ

1.ОТСТАПИТЕЛОТ ИМА ПРАВО ЕДНОСТАРНО ДА ГО РАСКИНЕ ДОГОВОРОТ ЗА ОТСТАПУВАЊЕ СО ПРИМЕНА НА ОДРЕДБИТЕ НА ОВОЈ ЗАКОН ЗА ЕДНОСТРАНО РАСКИНУВАЊЕ НА ДВОСТРАНО ОБВРЗУВАЧКИТЕ ДОГОВОРИ.

2.ОТСТАПИТЕЛОТ МОЖЕ ДА ГО ОТПОВИКА ДОГОВОРОТ ЗА ОТСТАПУВАЊЕ СО СООДВЕТНА ПРИМЕНА НА ОДРЕДБИТЕ НА ОВОЈ ЗАКОН ЗА ОТПОВИКУВАЊЕ НА ДАРОТ,ПОРАДИ КРАЈНА НЕБЛАГОДАРНОСТ ОД СТРАНА НА ЛИЦЕТО НА КОГО МУ ГО ОТСТАПИЛ ИМОТОТ.

**Одредбата од ст.1 на чл.1028 од ЗОО може да се примени само кога во Договорот за отстапување се содржани одредби за обврски на примателите на имотот.**

- Во случај кога не се предвидени никакви обврски на страната на примателот на отстапениот имот,во тој случај  може да дојде во предвид само раскинување на договорот ,односно негово отповикување под условите и претпоставките предвидени во ст.2 на овој член.

**Одредбата од ст.2 на овој член според која отстапителот може да го отповика Договорот за отстапување со соодветна примена на одредбите од овој закон за отповикување на договорот за дар се применува само кога:**

- Потомокот покаже груба неблагодарност спрема отстапувачот;
- Потомокот не му ја дава на отстапувачот издршката што е определена со договорот;
- Потомокот не ги исплатил долговите на отстапувачот чија исплата му била наложена со договорот;
- Во други случаи на неизвршување на оптоварувањата што се определени со договорот

- Отповикувањето на договорт за отстапување на имот за време на живот може да се однесува на сите потомци со кои е склучен договорот или само на еден од повеќето содоговарачи односно со оној кој не ги исполнува обврските кои произлегуваат од содржината и примената на договорот.

- Отповикувањето може да се однесува на целиот отстапен имот опфатен со договорот или само на делови од отстапениот имот.

# С У Д С К А   П Р А К С А

- *Отповикување на договорот за отстапување и распределба на имотот за време на животот може да се однесува на сите деца со кои е склучен договорот ,а може и само на еден од повеќето содоговарачи,и тоа ако само еден од нив не ги исполнува превземените обврски.*
    - *Одлука на Сојузниот Врховен суд,Рев.бр.2145/59 од 09.03.1960 г.*
- *Ако преземачот на имотот во претежна мера ги исполнува обврските од договорот за отстапување и распределба на имотот,а инаку со своето однесување покажува дека сака да остане верен на договорот ,нема основана причина за отповикување на договорот заради груба неблагодарност ,односно недавање на издржување.*
    - *Одлука на Врховен суд на Словенија ,ГЖ бр.15/59*

- *Договорот за распределба и отстапување на имотот за време на живот фактички претставува антиципирано наследување така што отстапувачот може да го отповика договорот доколку по неговото составување настапил факт кој го условува отповикувањето ,а тоа е развод на брак,така што неговиот брачен другар веќе не влегува во кругот на законските наследници.*

  - *Одлука на Врховниот суд на Војводина ,Рев. 92/89*

# ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ДОГОВОР

**АДВОКАТ**
**МАРИЈА КОКАРОСКА**
**email:mkokaroska@gmail.com**
**РЕПУБЛИКАНСКА 39, ПРИЛЕП, Р. МАКЕДОНИЈА**
**ТЕЛ.РАБ.048/525-774 , МОБ.072/223-803 , 078/757-168**

# Д О Г О В О Р
## ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ИМОТОТ ЗА ВРЕМЕ НА ЖИВОТ

Склучен на ден ________________во Прилеп помеѓу:

**1.ПАНОСКА ОЛГА** од Прилеп, ул.„Ваљевска"бр.3-9 , со
(во натамошниот текст како **ОТСТАПУВАЧ**)
**2.ПАНОСКИ ОЛИВЕР** од Прилеп ул.„Кирил Пејчиновиќ"бр.3/2-9,
(во натамошниот текст како **ПОТОМОК**)
**3.ПАНОСКИ СЛОБОДАН** од Прилеп, ул.„Ваљевска"бр.3/9,
(во натамошниот текст како **ПОТОМОК**)
**4.ПАСКОСКА ЖАКЛИНА** од Прилеп,ул.„Андон Слабејко"бр.120,
(во натамошниот текст како **ПОТОМОК**)

**5.ПАНОСКИ ПАНО** од Прилеп ул.„Кирил Пејчиновиќ"бр.3/2-9,
(во натамошниот текст **ДАВАТЕЛ НА СОГЛАСНОСТ**)

Договорните страни се договорија за следново:

**Чл.1**

**ОТСТАПУВАЧОТ** е сопственик на следниот недвижен имот:

**I**
**Лист Б**

-КП бр.19172в.м.-Д.Наредникот,култура-зпз,површина-1065м2,право врз недвижност – заедничка сопственост и овој имот е запишан во ИЛ бр.60049 за КО Прилеп.

**II**
**Лист В**

-КП бр.19172,дел-0,адреса-Д.НАРЕДНИКОТ,бр.на зграда-1,намена на зграда-А2-1,вл-1,кат-К 3,број-30,намена на посебен дел од зграда-СТ,внатрешна површина-43 м2,право врз недвижност-831;
-КП бр.19172,дел-0,адреса-Д.НАРЕДНИКОТ,бр.на зграда-1,намена на зграда-А2-1,влез-1,кат-К 3,број-30,намена на посебен дел од зграда-ПП,внатрешна површина-4 м2,право врз недвижност-

831 и овој имот е заведен во ИЛ бр.65455 за КО Прилеп издаден од АКН-ОКН-Прилеп под бр.1105-21215/2019 од 14.08.2019 г. во целост на име на отстапувачот.

**Чл.2**

Отстапувачот при чиста свест и разум,по слободно изразена волја непринудуван од никого со овој договор на потомоците им го распределува својот недвижен имот на следниот начин:

-На потомокот-синот **ПАНОСКИ ОЛИВЕР** од Прилеп ,отстапувачот му го отстапува во целост следниот недвижен имот:

**I**

**Лист Б**

-КП бр.19172в.м.-Д.Наредникот,култура-зпз,површина-1065м2,право врз недвижност – заедничка сопственост и овој имот е запишан во ИЛ бр.60049 за КО Прилеп.

**II**

**Лист В**

-КП бр.19172,дел-0,адреса-Д.НАРЕДНИКОТ,бр.на зграда-1,намена на зграда-А2-1,вл-1,кат-К 3,број-30,намена на посебен дел од зграда-СТ,внатрешна површина-43 м2,право врз недвижност-831;
-КП бр.19172,дел-0,адреса-Д.НАРЕДНИКОТ,бр.на зграда-1,намена на зграда-А2-1,влез-1,кат-К 3,број-30,намена на посебен дел од зграда-ПП,внатрешна површина-4 м2,право врз недвижност-831 и овој имот е заведен во ИЛ бр.65455 за КО Прилеп издаден од АКН-ОКН-Прилеп под бр.1105-21215/2019 од 14.08.2019 г. во целост на име на отстапувачот.

-На потомоците –синот **ПАНОСКИ СЛОБОДАН** од Прилеп и ќерката **ПАСКОСКА ЖАКЛИНА** од Прилеп отстапувачот не им распределува односно не им отстапува ништо бидејќи со нив на поинаков начин ги имаат регулирано имотно-правните односи.

**Чл.3**

Потомоците на отстапувачот му се родени деца односно синови и ќерка.

Отстапувачот за себе и за давателот на согласноста-сопругот Пано Паноски од Прилеп го задржува правото на користење и плодоуживање на целокупниот недвижен имот кој му го отстапува на потомокот, опишан во чл.1 на овој Договор до крајот на својот живот.

**Чл.4**

Потомокот врз основа на овој Договор ,со слободно изразена волја го прима недвижниот имот опишан во чл.2 од овој Договор во владение и истовремено од своја страна изразуваат полна благодарност и почит спрема отстапувачот.

**Чл.5**

Потомокот е должен да се грижи за личноста на отстапувачот и давателот на согласноста во случај на болест,да му пружат лекарска помош,да му обезбеди соодветна медицинска нега и третман, да ги поднесуваат трошоците на лечењето, како и трошоците за погреб на отстапувачот и давателот на согласноста во случај на смрт на отстапувачот и давателот на согласноста,според сите верски и месни обичаи.

831 и овој имот е заведен во ИЛ бр.65455 за КО Прилеп издаден од АКН-ОКН-Прилеп под бр.1105-21215/2019 од 14.08.2019 г. во целост на име на отстапувачот.

**Чл.2**

Отстапувачот при чиста свест и разум,по слободно изразена волја непринудуван од никого со овој договор на потомоците им го распределува својот недвижен имот на следниот начин:

-На потомокот-синот **ПАНОСКИ ОЛИВЕР** од Прилеп ,отстапувачот му го отстапува во целост следниот недвижен имот:

**I**
**Лист Б**

-КП бр.19172в.м.-Д.Наредникот,култура-зпз,површина-1065м2,право врз недвижност – заедничка сопственост и овој имот е запишан во ИЛ бр.60049 за КО Прилеп.

**II**
**Лист В**

-КП бр.19172,дел-0,адреса-Д.НАРЕДНИКОТ,бр.на зграда-1,намена на зграда-А2-1,вл-1,кат-К 3,број-30,намена на посебен дел од зграда-СТ,внатрешна површина-43 м2,право врз недвижност-831;
-КП бр.19172,дел-0,адреса-Д.НАРЕДНИКОТ,бр.на зграда-1,намена на зграда-А2-1,влез-1,кат-К 3,број-30,намена на посебен дел од зграда-ПП,внатрешна површина-4 м2,право врз недвижност-831 и овој имот е заведен во ИЛ бр.65455 за КО Прилеп издаден од АКН-ОКН-Прилеп под бр.1105-21215/2019 од 14.08.2019 г. во целост на име на отстапувачот.

-На потомоците –синот **ПАНОСКИ СЛОБОДАН** од Прилеп и ќерката **ПАСКОСКА ЖАКЛИНА** од Прилеп отстапувачот не им распределува односно не им отстапува ништо бидејќи со нив на поинаков начин ги имаат регулирано имотно-правните односи.

**Чл.3**

Потомоците на отстапувачот му се родени деца односно синови и ќерка.

Отстапувачот за себе и за давателот на согласноста-сопругот Пано Паноски од Прилеп го задржува правото на користење и плодоуживање на целокупниот недвижен имот кој му го отстапува на потомокот, опишан во чл.1 на овој Договор до крајот на својот живот.

**Чл.4**

Потомокот врз основа на овој Договор ,со слободно изразена волја го прима недвижниот имот опишан во чл.2 од овој Договор во владение и истовремено од своја страна изразуваат полна благодарност и почит спрема отстапувачот.

**Чл.5**

Потомокот е должен да се грижи за личноста на отстапувачот и давателот на согласноста во случај на болест,да му пружат лекарска помош,да му обезбеди соодветна медицинска нега и третман, да ги поднесуваат трошоците на лечењето, како и трошоците за погреб на отстапувачот и давателот на согласноста во случај на смрт на отстапувачот и давателот на согласноста,според сите верски и месни обичаи.

АДВОКАТ
МАРИЈА КОКАРОСКА
email:mkokaroska@gmail.com
РЕПУБЛИКАНСКА 39, ПРИЛЕП, Р. МАКЕДОНИЈА
ТЕЛ.РАБ.048/525-774 , МОБ.072/223-803 , 075/480-330

# ДОГОВОР ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ИМОТОТ ЗА ВРЕМЕ НА ЖИВОТ

Склучен на ден ____________________во Прилеп помеѓу:

**1.МАТЕНИЧКОВ ТРАЈАН** од Прилеп ,ул.„Нил Армстронг“бр.11,
(во натамошниот текст како **ОТСТАПУВАЧ**)

**2.СТОЈАНОСКА ИГОР** од Прилеп , „Динар“ бр.70/А ,со
**3.СТОЈАНОСКИ ГОРЈАНЧО** од Прилеп,ул.„Динара“ бр. 70/а
(во натамошниот текст **ПРИМАТЕЛИ**)

Договорните страни се договорија за следново:

**Чл.1**

**ОТСТАПУВАЧОТ** е сопственик на следниот недвижен имот:

I

**Лист Б**

-Кп.бр.5398, ВМ-Н.АРМСТРОНГ,к.култура-50000 1,површина-86 м2,право на недвижност-814;
-Кп.бр.5398, ВМ-Н.АРМСТРОНГ,к.култура-70000 ,површина-245 м2,право на недвижност-814;
Целокупниот имот е заведен во ИЛ бр.515 за КО ВАРОШ издаден од АКН-ОКН-Прилеп под бр.1105-13685/2014 од 10.04.2014 г. во целост на име на отстапувачот.

II

**Лист В**

-Кп.бр.5398, ул-Н.АРМСТРОНГ ,бр.на зграда 1, намена на зграда-А1-1,влез-001,кат-ПО,број-001,намена на зграда-П,внатрешна површина-55 м2,право на недвижност-831;
-Кп.бр.5398, ул-.Н.АРМСТРОНГ 11,бр.на зграда 1, намена на зграда-А1-1,влез-001,кат-ПР,број-001,намена на зграда-СТ,внатрешна површина-55,право на недвижност-831;
-Кп.бр.5398,ул.Н АРМСТРОНГ 11 ,бр.на зграда 1,намена на зграда-А1-1,влез-1,кат-ПР,намена на зграда-ХС,внатрешна површина-18 м2,право на недвижност-831;
целокупниот имот е заведен во ИЛ.бр.515 за КО ВАРОШ издаден од АКН-ОКН Прилеп под бр.1105-13685/2014 од 10.04.2014 г во целост на име на отстапувачот.

**Чл.2**

**ОТСТАПУВАЧОТ** на **ПРИМАТЕЛИТЕ** со овој Договор при чиста свест и волја непринудуван од никого и по слободно изразена волја им го подарува следниот недвижен имот:

-На **ПРИМАТЕЛОТ СТОЈАНОСКА ИГОР** од Прилеп,му отстапува 1/2(една половина) идеален дел од следниот недвижен имот:

I

**Лист Б**

-Кп.бр.5398, ВМ-Н.АРМСТРОНГ,к.култура-50000 1,површина-86 м2,право на недвижност-814;
-Кп.бр.5398, ВМ-Н.АРМСТРОНГ,к.култура-70000 ,површина-245 м2,право на недвижност-832;
Целокупниот имот е заведен во ИЛ бр.515 за КО ВАРОШ издаден од АКН-ОКН-Прилеп под бр.1105-13685/2014 од 10.04.2014 г. во целост на име на отстапувачот.

II

**Лист В**

-Кп.бр.5398, ул-Н.АРМСТРОНГ ,бр.на зграда 1, намена на зграда-А1-1,влез-001,кат-ПО,број-001,намена на зграда-П,внатрешна површина-55 м2,право на недвижност-831;
-Кп.бр.5398, ул-.Н.АРМСТРОНГ 11,бр.на зграда 1, намена на зграда-А1-1,влез-001,кат-ПР,број-001,намена на зграда-СТ,внатрешна површина-55,право на недвижност-831;
-Кп.бр.5398,ул.Н АРМСТРОНГ 11 ,бр.на зграда 1,намена на зграда-А1-1,влез-1,кат-ПР,намена на зграда-ХС,внатрешна површина-18 м2,право на недвижност-831;
целокупниот имот е заведен во ИЛ.бр.515 за КО ВАРОШ издаден од АКН-ОКН Прилеп под бр.1105-13685/2014 од 10.04.2014 г во целост на име на отстапувачот.

-На **ПРИМАТЕЛОТ СТОЈАНОСКИ ГОРЈАНЧО** од Прилеп му отстапува 1/2 (една половина) идеален дел од следниот недвижен имот:

I

**Лист Б**

-Кп.бр.5398, ВМ-Н.АРМСТРОНГ,к.култура-50000 1,површина-86 м2,право на недвижност-814;
-Кп.бр.5398, ВМ-Н.АРМСТРОНГ,к.култура-70000 ,површина-245 м2,право на недвижност-832;
Целокупниот имот е заведен во ИЛ бр.515 за КО ВАРОШ издаден од АКН-ОКН-Прилеп под бр.1105-13685/2014 од 10.04.2014 г. во целост на име на отстапувачот.

II

**Лист В**

-Кп.бр.5398, ул-Н.АРМСТРОНГ ,бр.на зграда 1, намена на зграда-А1-1,влез-001,кат-ПО,број-001,намена на зграда-П,внатрешна површина-55 м2,право на недвижност-831;
-Кп.бр.5398, ул-.Н.АРМСТРОНГ 11,бр.на зграда 1, намена на зграда-А1-1,влез-001,кат-ПР,број-001,намена на зграда-СТ,внатрешна површина-55,право на недвижност-831;
-Кп.бр.5398,ул.Н АРМСТРОНГ 11 ,бр.на зграда 1,намена на зграда-А1-1,влез-1,кат-ПР,намена на зграда-ХС,внатрешна површина-18 м2,право на недвижност-831;
целокупниот имот е заведен во ИЛ.бр.515 за КО ВАРОШ издаден од АКН-ОКН Прилеп под бр.1105-13685/2014 од 10.04.2014 г во целост на име на отстапувачот.

**Чл.3**

**ОТСТАПУВАЧОТ** и **ПРИМАТЕЛИТЕ** се во крвно сродство односно,ПРИМАТЕЛИТЕ на ОТСТАПУВАЧОТ му се внуци од покојна сестра и се единствени законски наследници на ОТСТАПУВАЧОТ,бидејќи истиот нема свој законски наследници .

**ОТСТАПУВАЧОТ** за себе го задржува правото на користење и плодоуживање на целокупниот недвижен имот кој му го отстапува на примателите опишан во чл.1 на овој Договор до крајот на својот живот.

**Чл.4**

Примателите врз основа на овој Договор ,со слободно изразена волја го примаат недвижниот имот опишан во чл.2 од овој Договор во владение и истовремено од своја страна изразуваат полна благодарност и почит спрема отстапувачот.

**Чл.5**

Примателите се должни да се грижат за личноста на отстапувачот во случај на болест,да му пружат лекарска помош,да му обезбедат соодветна медицинска нега и третман, да ги поднесуваат трошоците на лечењето, како и трошоците за погреб на отстапувачот во случај на смрт на отстапувачот.

**Чл.6**

Со заверувањето на овој Договор од страна на Судот,на отстапениот имот **ПРИМАТЕЛИТЕ-** внуците **СТОЈАНОСКИ ИГОР И СТОЈАНОСКИ ГОРЈАНЧО** стекнуваат право на сопственост и владение на отстапениот имот и имотот им се предава во владение, и **ПРИМАТЕЛИТЕ** се овластуваат врз основа на овој Договор да извршат пренос на правото на сопственост од име на **ОТСТАПУВАЧОТ** на свое име и без присиство на **ОТСТАПУВАЧОТ.**

**Чл.7**

Отстапениот имот не влегува во оставината на **ОТСТАПУВАЧОТ** и не се зема во предвид при утврдување на вредноста на таа оставина.

**Чл.8**

Договорните страни од овој Договор за распределба на имот за време на живот се откажуваат од правото да бараат раскин на овој Договор по било кој и да е основ,освен во случај на крајно груба неблагодарност искажана од страна на примателите спрема отстапувачот.

**Чл.9**

Вредноста на отстапениот имот се цени на 5.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на НБРМ кој ќе се применува на денот на заверката на овој Договор од страна на Судот.

**Чл.10**

За се што не е регулирано со овој Договор ќе се применуваат одредбите од ЗОО.

**Чл.11**

Во случај на спор за содржината на Договорот и неговата примена надлежен е Основниот Суд во Прилеп.

**Чл.12**

Овој Договор е составен во 5(пет) истоветни примероци од кои по еден примерок за секоја договорна страна,и по еден примерок за нотар,УЈП и АКН-ОКН-Прилеп.

**ОТСТАПУВАЧ:**

Трајан Матеничков

________________

**ПРИМАТЕЛИ:**

Стојаноски Игор

________________

Стојаноски Горјанчо

________________

**ВИ БЛАГОДАРИМЕ НА ВНИМАНИЕТО**